*Милева ЃУРОВСКА*

**УДК: 305:316.344.2**
Изворен научен труд

# РОДОТ И ЕКОНОМСКИОТ ЖИВОТ НИЗ СОЦИОЛОШКАТА ПЕРСПЕКТИВА

***Кратка содржина***

Новите концепции за родот изградени на основите на индивидуалната перцепција и слобода во изборот на родовите содржини оствариja брза афирмација за што особено се заслужни јавните политики кои го оформија т.н. политички феминизам. Социолошките анализи на овој брз и некритички пристап во развивањето на концептот на „пострoдово општество“ ја истакнуваат потребата од негово поврзување со анализите на постоечките социјални структури, кои укажуваат на енормно зголемување на општествените нееднаквости. Текстот подолу разработува одредени социолошки дилеми за состојбите во општествените науки во однос на јавните родови политики, дилемите во врска со положбата на жените во сферата на економијата каде дискриминацијата е значително присутна и покрај обемните програми и буџетски линии за креирање на јавни политики.

***Клучни зборови:*** *родовост, јавни политики, родова рамноправност, социјална нееднаквост, родова рационалност*

## Вовед

Социологијата како наука својот врв го доживеа во 80-тите години од XX век. Во трите децении по Втората светска војна во социолошките истражувачки активности доминираше темата за општествената стратификација. Така, истражувањето на општествените нееднаквости уживаше посебен легитимитет во научната јавност добивајќи поддршка од поширoката општествено-политичка јавност (Carroll Bacchi, 2009). Потпирајќи се на теорискиот концепт за општествената стратификација на Макс Вебер овој истражувачки бран создаде нов теориски и емпириски материјал во кој беа вткаени клучните зборови: општествена моќ, политичка моќ, економска моќ и угледот како еден вид на симболичка моќ.

На почетокот од 21 век од социологијата и од другите општествени науки сè повеќе се бара да ја зголемат нивната применливост во практиката. Денес тешко се воспоставува разлика меѓу општествените науки и јавните политки кои ги креираат административните инстанции (национ-

нални или меѓународни). Науките се апликативни, а креирањето на јавните политиките се базира на примена на научни методи. Многу од јавните политики стануваат базично знаење за некои области појавувајќи се како референтна литература во научните трудови. Во оваа „ера" на доминација на јавните политики дојде до афирмација на родовата перспектива која многу брзо стекна легитимитет на специфично истражувачко поле креирајќи го т.н. „политички феминизам." Според некои аналитичари експанзијата на политиките со родова перспектива се реакција на сè уште високиот родов јаз, а според други тие не се само реактивни, туку и креативни придонесувајќи да се зајакне *родовоста,* она што во англиското јазично подрачје се именува како „gendering". *Родовост,* според овие гледишта, е процес кој ја препознава, ја потенцира и ја легитимира родовата перспектива во општествените практики и дискурси (политички, економски, културни, јазични). *Родовост* е процес на обликување (произведување) на родот без притоа да се дефинираат некои посебни релации во однос на полот т.е. телото. Меѓутоа, според критички настроените аналитичари ваквите пристапи повеќе се фокусираат на методологијата и на самото креирање на јавните политики, а по усвојувањето на планини од вакви документи спласнува интересот за нивно спроведување во практиката (Bacchi, 2009).

Иако сериозно се занимаваа со проблемот на нееднаквостите, општествените науки од XX век ја запоставија целосно родовата димензија. Во однос на родовите прашања социологијата беше долго време под влијание на американскиот социолог Талкот Парсонс кој експлицитно истакнал дека не постои основа да се размислува за општествена нееднаквост меѓу мажите и жените бидејќи станува збор за положби и улоги детерминирани од биолошки особини. Женските и машките улоги се природно комплементарни и како такви немаат ништо заедничко со општествените нееднаквости. Така, жените според својата природа, односно поради вродениот мајчински инстинкт се предодредени да водат грижа за децата, но и за сите членови на семејството. Улогите на мажот се *инструментални* (рационални) и главно се извршуваат надвор од домот во јавната сфера.

Меѓутоа, не само социологијата, туку и во другите општествени науки се забележува родово слепило од овој вид. Особен конзервативизам се забележува во политичките науки кои и денес покажуваат мала чувствителност кон родовите прашања. Во обемната политиколошка литература *родовоста* се сведува на проблемот на разоткривање на машката пристрасност во политичките концепти, а во политичките практики се редуцира на проблемот на политичката партиципација на жените во државните органи (Jane H. Bayes, 2012). Сепак, главниот проблем на политичката наука е сведувањето на политичкиот феномен на старите прашања поврзани со државата и родот, јавната политика и државата, политичките институции, социјалните движења, изборите и слично. Голема е заслугата на феминистките кои покажаа дека политичкиот феномен го опфаќа и семејството, квалитетот на живеење, вработеноста и кариерниот развој, образованието,

како други полиња кои според традицијата припаѓаат во сферата на приватното (Nancy Burns and all, 2002). Политиката преку своите инструменти (јавните политики и законодавството) веќе навлегува длабоко во регулирањето на сексуалноста. Кон сферата на приватниот живот се пристапува како да е таа саморегулирачка т.е. како да се базира на индивидуалните искуства и на индивидуалните потреби на поединците, што не е точно бидејќи тука е видливо влијанието на одлуките на државата (плати, работно време, родителско отсуство, социјално осигурување, семејни бенефиции и друго).

Феминистичките студии биле особено заслужни за проучувањето на машко- женските односи како односи на нееднаквост придонесувајќи за изградба на родовиот пристап како нова аналитичка перспектива во проучувањето на општествените појави. Дури и конзервативните социолози веќе не се избезумуваат од фактот дека родовите содржини се наоѓаат во еден континуиран процес на менување.

Родот не ги дефинира само поединците, туку ги преиспитува различните нивоа на социјалната структура. Родовата перспектива ги ревитализира темите за општествената моќ како причина за нееднаков пристап до определени општествени положби, и тоа не само на жените, туку и на другите маргинализирани групи. Родот од *концепт на различност* се трансформираше во *концепт на нерамноправност* создавајќи една платформа за креирање на многу политики за остварување на еднакови можности постанувајќи концепт – sui generis.

**Постродово општество**

Во литературата се наидува на многу определби за родот. Општа е констатацијата дека родот се однесува на општествено креирани улоги кои дефинираат машки и женски модели на однесување. Родот е идентитет во кој се интернализираат општествените структури т.е. задолженија, ставови, очекувања, емоции, сексуалноста и други состојби. Треба да се напомене дека родот е флуидна структура кој се менува под влијание на општествените промени. Така, класичната определба на родот која би ја извлекле од учебниците во минатата декада веќе е надмината и не ја одразува реалноста. Станува дискутабилно тврдењето дека родот е општествена конструкција на улоги во заедничкото опстојување на мажите и жените (Hollander and Howard, 2000). Исто така, за родот е сосем ирелевантна припадноста кон полот, односно дека родот и полот коинцидираат – како што се тврди во класичните анализи за родот. Современите тенденции во поимањето на полот и родот покажуваат дека, во суштина, родот го креира полот, во спротивно полот би бил лишен од значењата и би можел да се сведе на каква било друга физичка разлика. „Биологијата веќе отстапува пред своите аргументи: природата веќе не е дадена, туку е конструирана" - истакнува Кристин Делфи (Christine Delphy, 2013). Современиот концепт

за родот дава можност за креирање на општествени односи базирани врз индивидуалната (поединечната) перцепција за разликите. Овде станува збор за слобода во изборот на содржините на родовите улоги. Оние кои ја заговараат оваа концепција тврдат дека ваквиот пристап сам по себе води кон елиминирање на секаков вид на родова доминација. Така, родот му претходи на полот создавајќи услови за креирање на едно трансродово општество, а тоа значи дека припадноста кон полот не ја одредува биологијата, туку општеството. Крајниот заклучок е дека биолошката реалност е сфатена како општествена конструкција (Juliette Grange, 2010).

Теоријата која го носи називот „утопија на непол“ широко бранета од француската социологистка Кристин Делфи беше критикувана, пред сѐ, поради оддалечувањето на родовиот концепт од проблемот на нееднаквостите и политичката доминација кои се значително присутни во реалноста. Во овој концепт ретко се зборува за тешката работа и за ниските плати на жените во индустриите и во некои сектори на услугите. За хетеросексуалноста која е јадрото на оваа концепција критичарите истакнуваат дека претставува политичка институција чија цел е да се воспостави контрола врз сексуалниот поредок (Grange Juliette, 2010). Новото гледиште за родот не произлегува од феминистичката критика на родовите норми, туку од критиките на сите норми кои ја регулираат сексуалноста. Оваа нова социологија на родот се придружува на авантуристичкиот и мошне екстремен општествен детерминизам креиран од фондациите кои финансиски ги поддржуваат истражувањата во овој домен. Сепак, овие нови определби не се далеку од истражувачката логика на Емил Диркем кој истакна дека, она што го работат мажите и жените во семејството, или надвор од него, не се должи на нивната биолошка предодреденост, туку на општествената поделба на трудот (Gjurovska M, 2015).

Во новата социолошка рамка на родот недостига сфаќањето на П. Бурдје според кого родот претставува натурализирана социјална конструкција т.е. сексуален хабитус кој се стекнува во текот на социјализацијата. Продукцијата на родот и неговата трансформација во пол претставуваат натурализиран општествен факт – истакнува Бурдје. Ако новите концепти одразуваат промени во практиките, тогаш Бурдје им препорачува на социолозите да не ги користат постоечките модели на мислење бидејќи тие се продукт на логиката на доминацијата, туку своето внимание да го насочат кон колективната акција на пружање на отпор кон правните и политичките реформи. Насилството не се спроведува само преку воено-полициска принуда, туку тоа е суптилно до тој степен што жртвите не чувствуваат дека се потчинети. (Pjer Burdje, 2001).

Сепак, родот (родовоста) не ги дефинира само поединците, туку навлегува и во социјалната структура. Родовата перспектива ги ревитализира темите за општествената моќ како причина за нееднаков пристап до определени општествени положби, и тоа не само на жените, туку и на другите маргинализирани групи. Родот од *концепт на различност* се тран-

сформираше во *концепт на нерамноправност* создавајќи една платформа за креирање на многу политики за остварување на еднакови можности постанувајќи концепт – sui generis.

**Родовата перспектива на т.н. „Homo economicus"**

Навидум економијата немала голем интерес за родовата перспектива. Меѓутоа, тоа не се однесува за либералните економски парадигми кои уште во самиот подем на индустриското општество се залагале за вработување на жените во индустријата. Вработувањето на жените во фабриките ги намалувало производствените трошоци. Тие имале пониски плати и не биле синдикално организирани, а со тоа помирливи со условите за работа. Имале ниски квалификации што влијаело да бидат дефинирани како работна сила која може брзо да биде заменета. Дали е денес поинаку? Според новите економски политики и силните кампањи за зголемувањето на економската активност на жените може да се заклучи дека пазарот на трудот ја уважува и посакува женската работна сила. Стапката на економска активност станува многу значаен индикатор за мерење на родовата рамноправност. Зошто е тоа значајно? „Ако поголем број на жени останат дома и почнат да плетат, ткаат или готват, тогаш треба да ги затвориме нашите фабрики – истакнал еден претприемач на почетокот од 20 век. Дозволете им на жените да придонесат во развивањето на пазарната економија – додаваат економистите (М. Ѓуровска, 2008).

Многу економисти се обидувале да ги објаснат економските значења на одредени родови прашања. Меѓу нив е нобеловецот Гари Бејкер кој се обидува да го објасни јазот во платите меѓу мажите и жените преку терминот *човечки капитал*. Според Бејкер, жените заработуваат помалку бидејќи тие не се мотивирани да инвестираат во развојот на сопствените вештини поради мајчинството и високата веројатност за дисконтинуитет во работниот процес. Затоа тие се рационални и избираат помалку квалификувани занимања до кои се доаѓа побрзо со цел да го намалат опортунитетниот трошок од различните обуки (Gary Becker, 1991).

Таканаречената „објективност" на економијата заговарана од економистите крие субјективност која ги игнорира специфичностите на родовиот фактор. Така, економскиот успех се мери преку монетарни мерки кои потценуваат, па дури и кријат, многу активности без кои социјалниот и економскиот развој би биле невозможни. Овде се мисли на домаќинските работи кои и денес главно се во надлежност на жените. Еден економист во 19 век истакнал: *„Ако еден човек не ја согледа вистинската вредност на домаќинските работи или е многу богат или е многу сиромашен. Ако жената е вистинска домаќинка, тогаш за 10 години ќе бидеме побогати за 10 милиони"* (G. Bok, 2004). Исто така, најголем дел од волонтерските активности за доброто на заедниците се извршуваат од жени. Невидениот развој на

различните форми на солидарна економија во светот многу им должи на иницијативите и креативноста на жените.

Податоците од анкетите покажуваат дека сè уште опстојува поделба на трудот базирана врз полот. Економистите главно зборуваат на општ начин за пазарот на трудот не правејќи разлика за женска или за машка работна сила. Не постои сè уште таква макроекономска анализа која засебно ги оценува капацитетите на женската и машката работна сила. Тоа зборува дека може да има замени на работната сила без оглед на родовиот аспект. Меѓутоа, во едно свое скорешно интервју Кристин ла Гард, економистка од светски ранг истакна: *„Доколку се надминат диспаритетите меѓу мажите и жените во сферата на економијата, тогаш БДП во рамките на ЕУ би се зголемил за 35 %!“* Оваа констатација отворено ја признава присутноста на родовата дискриминација во доменот на економијата.[1] Ваквиот заклучок би отишол на сметката на феминистките, особено на оние со марксистичка ориентација кои повеќе од еден век укажуваат дека еманципацијата на жените во општеството би одела преку еманципацијата во сферата на економијата.

Економистите проучувајќи го економското однесување на мажите и жените во услови на домашно стопанисување ги откриваат факторите кои го одредуваат економскиот успех на жените. Жените кои се наоѓале во подобра преговарачка состојба во семејството полесно доаѓале до ресурси кои им биле неопходни за поголема ефикасност на започнатите бизниси. Жените кои имале авторитет во семејството имале можност да ангажираат и други членови од домаќинството; имале пристап до репроматеријали и други ресурси; имале слобода на движење и слобода за управување. Кога жените имаат слаба преговарачка положба и незначителна моќ во семејството не успеваат да се снабдат со основните ресурси за ефикасно завршување на работите. Исто така, заклучиле дека, кога приходите на жените се поголеми, тогаш нивната преговарачка моќ е поголема. Но, на прашањето за што најмногу ги трошат заработените пари? - жените одговориле дека нивната заработка е за храна, облека или за образование на децата, додека мажите трошат значителен дел од приходите за алкохол, цигари, забава и слично (DUFLO Esther, Christopher Udry, 2003).

Компаративните истражувања покажуваат дека државите со низок родов јаз остваруваат поголема продуктивност на трудот, а со тоа влијаат и на вкупниот раст на платите. Исто така, економското активирање на жените ги намалува трошоците за социјална заштита. Многу студии го потенцираат позитивното влијание на жените во борбата против корупцијата.

---

[1] Les bienfaits économiques de l’inclusion des femmes sont même plus élevés qu’on ne le pensait
Christine Lagarde et Jonathan D. Ostry, le 29 novembre 2018, https://www.imf.org/fr/News/Articles/2018/11/28/blog-economic-gains-from-gender-inclusion-even-greater-than-you-thought

Според овие податоци, кога во народните собранија има поголем број на жени пратенички се намалуваат коруптивните активности, а јавните пари се користат за спроведување на развојните политики (Dollar, Fisman, Gatti, 2001). Но, дали е ова случај со нашата држава, односно дали пропорционалниот пораст на бројот на жените во парламентот (во последниот состав 38 % се жени) влијаеше врз намалувањето на корупцијата?

Доколку се прифати како реалност констатацијата дека постојат разлики во начинот на кој жените и мажите го практикуваат т.н. „homo economicus" (модел на однесување во кој поединците се строго рационални, егоисти и профитабилно насочени) се наметнува прашањето за соодветноста (заснованоста) на јавните политики во сферата на економијата. Според истражувачките резултати економското однесување на жените поседува рационалност, но различна од онаа заснована на екстремна пресметливост (Ѓуровска, 2008). Ако разликата во економската рационалност меѓу мажите и жените сѐ уште не е цврсто дефинирана и утврдена, тоа покренува бројни епистемолошки проблеми во економската наука.

**Жените не се малцинство, но ги има во мал број во областите каде се практикува моќ!**

Статистички посматрано жените не можат да бидат малцинство бидејќи се раѓаат речиси подеднаков број на жени и мажи. Во принцип статистиката сѐ уште ја има истата мисија од нејзиното појавување: Државата да изброи, да измери за да направи стратегија за спроведување на јавни одлуки и политики. Меѓутоа, потребно е да се прават разлики меѓу половата статистика која дава преглед на бројчаната застапеност на жените во вкупните агрегати и т.н. родова статистика која продуцира индикатори кои ги претставуваат разликите (Labelle Micheline, 2015).

За да се доминира не е потребно една група да биде мнозинска. Доминацијата се постигнува преку инструментите на владеење. Кога станува збор за машкото владеење тоа не се постигнува со насилство, агресија, иако тие не се исклучени. Машкото владеење според Пјер Бурдје се репродуцира преку т.н. *хабитус* кој претставува систем на норми, закони, обичаи, морал или симболи кои во нивната примена во секојдневниот живот подеднакво учествуваат мажите и жените. Тоа насилство е прикриено и е без лоши намери, суптилно до мерка да не побудува желба за освета или за ослободување од страна на жртвите. Причините за тоа се наоѓаат длабоко во општествените структури (општествениот поредок) кои го обликуваат просторот и времето, но и поделбата на трудот која ги намалува шансите за поголема застапеност на жените во области каде се донесуваат одлуки во политиката и во економијата. Така, родот станува принцип на класификација кој го организира полот и кој истовремено владее со претставите за светот. Ваквото владеење ќе биде надминато кога ќе бидат надминати

структурите во кои се вкалапени мажите, заклучува Бурдје (Pierre Bourdieu, 1991).

Денес аналитичарите се соочуваат со нов концепт за родот кој значително отстапува од епистемолошката рамка на Бурдје и кој развивајќи го индивидуализмот и универзализмот остава мал простор за анализа на општествените структури, правејќи ја непотребна, односно непожелна, анализата на причините за актуелните општествени состојби. Универзалистичкиот концепт за родот ги елиминира дихотомиите (на пример машкост/женственост, добро/лошо, пасивно/активно) т.е. ја поддржува бесполовата логичка матрица. Се чини идиличен периодот кога феминистките трагаа по причините за машката доминација пронаоѓајќи ја во *патријархатот*, иако постигнаа успех само во откривањето и систематизирањето на содржините на женската субординација, но без капацитет да изврши промени во структурите кои ги контролираат ресурсите.

Во светски рамки патријархалното семејство сè уште опстојува и претставува „училиште" за демократијта и за репродукција на традиционалните родови улоги. Постојаното намалување на сферата на приватното и зголеменото учество на жените во јавната сфера не ја намалува родовата нерамноправност (M. B. Tahon, 2003). Концептот за зголемена партиципација на жените во различни сфери на општественото живеење не ги дава очекуваните резултати. Така, поголемиот број на жени во парламентите и поголемиот број на жени функционери во јавната сфера не го менува значително квалитетот на одлучувањето, кое, не само што не ги менува постоечките структури на моќ, туку и ги зајакнува.

Многу често се поставува прашањето зошто жените претставуваат апсолутно мнозинство во многу економски области. Според едно истражување во Франција само 17 % од занимањата се мешовити, а тоа значи дека разликите меѓу вработените мажи и жени не го надминува размерот од 60 : 40. Постои видлива економска родова сегрегација насекаде во светот. Жените се главно сконцентрирани во области каде доминантни занимања се нега, воспитување, образование, хигиена, домашна поддршка, згрижување и слично. Мал број жени извршуваат информатички занимања, научноистражувачки активности, во воениот комплекс, безбедноста, како и високи функции. Се смета дека за родова рамноправност во сферата на трудот ќе може да се зборува тогаш кога ќе се постигне размерот 60 : 40 (Clémence Boyer, 2018). Во нашата земја размерот по дејности во здравство и социјална заштита изнесува 75 : 25 (жени/мажи); финансиски дејности и осигурување 66 : 34; членови на законодавни извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори (34 : 76), стручњаци и научници (56 : 44), техничари и сродни работници 52 : 48.[2]

Типичен пример за занимање со апсолутно мнозинство во Република Македонија е текстилната индустрија. Во 800 активни текстилни

[2] Државен завод за статистика, 2018, Анкета за работна сила.

фабрики работат 38.000 работнички, или 20 % од вкупно вработените во приватниот сектор. Речиси сите вработени се жени, освен сопствениците на фабриките. Со оглед на фактот дека постои висока стапка на невработеност (над 20 %) се поставува прашањето дали мажите не можат да научат да шијат на машина и да се вработат во текстилна фабрика? – каде што сè уште има побарувачка на работна сила. Би можеле и тие да се вработат, но тоа за нив не е достојна работа, дури и за оние кои се долго време без работа. Овде проблемот е во условите за работа (работно време, интензитет на трудот, ниските плати).

**Дали политичката партиципација е решение на проблемот?**

Заслужува сè уште да се размислува за одговорите на прашањата зошто најголем број од аналитичарите кои истражуваат за родовите прашања се жени? Зошто најголем дел од учесниците на конференците каде се дискутира за родот се жени? Зошто најголем дел од студентите кои одбираат родови теми за дипломска работа се жени? Ако се вратиме на анализите на Бурдје ќе заклучиме дека за мажите родовата перспектива е сè уште далечна тема. Сè додека родовата рамноправност не се сфати како култура на живеење практикувана од сите во општеството не може да се очекува дека родовите концепти, јавните политики и институциите задолжени за нивната имплементација го третираат овој проблем на соодветен начин.

Модерните демократии имплементирајќи ја на ортодоксен начин неолибералната парадигма продуцираат огромна нормативна маса од закони, стратегии, конвенции, повелби чија имплементација претставува сериозен проблем. Наспроти енормната нормативна продукција за која не се штедат пари, владите не покажуваат политичка волја кога треба да се издвојат пари за нивната имплементација. Меѓу проблемите кои стојат на патот до имплементацијата е демократскиот дефицит. Огромната нормативна маса не стигнува до граѓаните и на тој план владее конфузија. Сè уште примената на правото и остварувањето на правата и слободите чинат многу скапо бидејќи ова знаење го поседува тесниот круг на правосудните професии (адвокати, судии).

Едно од важните прашања кои предизвикуваат интерес на светско ниво е дисфункционалноста на демократските политички системи, растечкиот популизам, а пред сè инструментите со кои се служат политичките партии за да ја освојат власта. Предвремените избори стануваат веќе редовна практика на светско ниво. Се чини дека општеството се наоѓа во континуирана изборна кампања. На денот на гласањето веќе започнува кампања за нови избори.

Посебно внимание предизвикува воведувањето на системот на квоти кој треба да обезбеди еднаква застапеност на малцинските групи во јавната сфера. Во Европа, квотите не се многу популарни, но искуствата покажу-

ваат дека политичката партиципација преку квоти во изборните листи дава поволни ефекти на планот на политичката партиципација на жените во парламентарните состави. Анализите на квота-системите покажуваат дека отпорот за нивно воведување во земјите од Западна Европа е поврзан со верувањето дека квотите се во конфликт со концептот на либералната демократија и принципот на заслуги „да победи најдобриот“. Квотите се привремена мерка. Тоа може да потрае определено време, додека сите социјални, културни и политички бариери што ја спречуваат еднаквата застапеност не бидат елиминарни.

Според извештајот на Светскиот економски форум за родова рамноправност за 2021 година, според сите индикатори (политички, економски, образовни) Македонија е на 73-то место, а според економската партиципација е на 97 место. Според вклученоста на жените во политиката и на местата на носење на  одлуки, Македонија го зазема 54 место – податок кој не изненадува со оглед на квотниот систем за учество на жените во изборните листи за парламентарни избори. Во овој состав на Парламентот 34 % се жени (за 4 % помалку од претходниот состав). Како и во претходните извештаи најгоре на листата се нордиските држави.[3]

[3]Benchmarking Gender Gaps: Findings from the Global Gender Gap Index 202, efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www3.weforum.org/docs/WEF_GGGR_2021.pdf

**Библиографија**

BACCHI Carroll (2009), Analyzing Policy: What the problem represented to be? Pearson Education, https://www.researchgate.net/publication/259368372_Analysing_Policy_What's_the_Problem_Represented_To_Be

BECKER Gary (1991), A treatise on the family, Cambridge, Massachusetts: Harvard University Press.

BOK Gizela (2005), Žena u istoriji Evrope, Clio, Beograd.

BAYES Jane H. (ed.) Gender and Politics: The State of the Discipline (2012), Verlag Barbara Budrich – Pub. https://www.jstor.org/stable/j.ctvddzq1d

BOYER Clémence, (2018), Seulement 17% des métiers sont mixtes, et c'est un vrai problème, Les Echos https://start.lesechos.fr/societe/egalite-diversite/seulement-17-des-metiers-sont-mixtes-et-cest-un-vrai-probleme-1176308

BURDJE Pjer (2001) Vladavina Muškaraca (2001), Univerzitet Crne Gore, Podgorica.

BURNS Nancy, Kay Lehman Schlozman, and Sidney Verba (2002),The Private Roots of Public Action: Gender, Equality, and Political Participation, September 2002, Political Science Quarterly 117 (3) researchgate.net/publication/260727950_

DELPHY Christine (2013), L'ennemi principal - Tome 2, Penser le genre, Éditions Syllepse, Paris, 2013

DOLLAR David, Raymond Fisman and Roberta Gatii (2001), Are women really the "fairer" sex? Corruption and women in government", Journal of Economic Behavior & Organization, vol. 46, issue 4, 423-429.

DUFLO Esther, Christopher Udry (2003) Intrahousehold Resource Allocation in Cote D'Ivoire: Social Norms, Separate Accounts and Consumption Choices, July 2003.

HOLLANDER Jocelyn and Jeanine Cunningham (2000), Social Psychological Theories on Social Inequalities, December 2000, Social Psychology Quarterly.

LABELLE Micheline (2015), Le rapport entre la majorité et la minorité doit être repensé, Scieences humaines, No 349, https://www.scienceshumaines.com/micheline-labelle-le-rapport-entre-la-majorite-et-la-minorite-doit-etre-repense_fr_35187.html

GJUROVSKA M (2015), Gender equality in the Republic of Macedonia: Between Tradition and Gender Mainstreaming Policies ", in the book: „*Gender (In) Equality and Gender Policies in Southeastern Europe* ", edited by Christine M. Hassenstab and Sabrina P. Ramet, Palgrave Macmillan, London.

GRANGE Juliette (2010), Genre et sexe : nouvelles catégories épistémologiques des sciences humaines, Cités 2010/4 (n° 44), pages 107 à 121, https://www.cairn.info/journal-cites-2010-4-page-107.htm?contenu=article

GARCIA Manon (2010), La femme est-elle un homme économique comme les autres ? Multitudes 2010/3 (n° 42), pages 94 à 99

TAHON Marie Blanche (2003), Body, Sex and Gender, In Travail, genre et sociétés Volume 10, Issue 2, 2003.